| | |
|---|---|
| **From:** | contact <contact@avmu.mk> |
| **Sent:** | Tuesday, February 11, 2025 4:59 PM |
| **To:** | zaposta@avmu.mk |
| **Subject:** | [Fwd: Re: известување за случај на цензура и барање за мислењ[illegible]кција] |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 12.02.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 4 | | |

Само една мала корекција - колумната беше објавена на 8 февруари, не на 11ти

On

Почитувани, согласно вашите надлежности како регулаторно тело кое се грижи за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите, сакам да ве известам за јасен случај на цензура врз политичка основа. На 11 февруари 2025 година на интернет страницата Република е објавена моја колумна, под наслов „Проект за проектирање проекти“ (линк - https://republika.mk/kolumni/proekt-za-proektirane-proekti/) со авторски мислења и ставови во врска со исклучително актуелна политичка тема која ја засега и Македонија - скандалот во американската агенција УСАИД. Колумната ја споделив на мојот профил на социјалната мрежа Фејсбук, а истото го стори и Република (која е еден од најчитаните електронски медиуми во Македонија и има сериозно присуство на социјалните мрежи).

Линкот до колумната, која ќе се објави во статус кој содржи и дополнителен коментар, систематски се брише од мрежата Фејсбук. До сега го имам објавено повеќе од 10 пати и резултатот секогаш е ист, со напомена: „го отстранивме вашиот пост поради користење на лажно наведувачки линкови или содржина чија цел е да се измамат луѓе да ја посетат или да се задржат на одредена страница. Ова е спротивно на нашите правилници за „спем“. Повеќе корисници на Фејсбук се обидоа да го споделат линкот, и го добија истиот резултат. Фејсбук брише статуси дури и кога линкот е споделен во коментар. Повремено, кога линкот е објавен без дополнителен коментар во статусот, цензорот дозволува тој да остане видлив на Фејсбук.

Поради политичката заднина на коментарот, сметам дека се работи за јасен случај на цензура кој се спроведува врз македонски граѓанин, на текст напишан на македонски и наменет исклучиво за македонски читатели, на тема која и тоа како е актуелна за македонската јавност. Фејсбук има партнерска организација во Македонија на која и доверува да врши модерирање на содржините, за која е општо познато дека е сериозно политички пристрасна (а е и лично засегната од коментари кои се однесуваат на скандалот УСАИД). Поради тоа, сметам дека е моја должност да ве известам за овој јасен случај на политички мотивирана цензура и да побарам ваше мислење - реакција по него, во согласност со вашата пракса јавно да се огласувате по други примери на загрозување на слободата на говорот.

со почит

Во прилог се:

Вест на Република во врска со цензурирањето на колумната -

Линк до моја објава на Фејсбук со принт скрин од потврда од Фејсбук дека колумната е избришана -
[redacted]

Видео од цензурирањето на колумната, во живо -
[redacted]

Потврда дека Фејсбук брише статуси и кај други корисници кои ќе го објават истиот линк -
[redacted]

[redacted]

--
This message has been scanned for viruses and
dangerous content by **MailScanner**, and is
believed to be clean.

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: Re: известување за случај на цензура и барање за мислење/реакција
[redacted]
Date: Tue, 11 Feb 2025 17:02:43 +0100
To: [redacted]